# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Вторник, 15 септември 1987

БЕЛГРАД

БРОЈ 60 ГОД. XLIII

Цена на овој број е 224 динари – Аконтација на претплатата за 1987 година изнесува 9.600 динари – Рок за рекламации 15 дена – Редакција Улица Јована Ристика бр. 1 Пошт фах 226 – Телефони Централа 650-155; Уредништво 651-885, Служба за претплата 651-732, Телекс 11756

**821.**

Врз основа на член 23, а во врска со член 20 од Законот за системот на општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр 64/84, 43/86 и 71/86), во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРОПИСИТЕ ЗА МЕРКИТЕ ЗА НЕПОСРЕДНА КОНТРОЛА НА ЦЕНИТЕ

1 Се продолжува важењетп на Одлуката за давање согласност на цените на определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр 69/86 и 45/87), Одлуката за обврската за претходно известување на Сојузниот завод за цени за промена на цените на определени производи и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/86 и 45/87), Одлуката за начинот на формирање на цените на производите од увоз („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/86), Одлуката за начинот на формирање на цените на производите во прометот на големо односно на мало („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/86 и 16/87) и Одлуката за определување на производите за кои организациите на здружен труд се должни на Сојузниот завод за цени и на купувачите да им доставуваат известувања за цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/86 и 45/87), чие важење е продолжено со Одлуката за продолжување на важењето на прописите за мерките за непосредна контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/87).

2 Оваа одлука ќе се применува до 31 декември 1987 година

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е п бр 316
15 септември 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосављевиќ**, с р

**822.**

Врз основа на член 32 став 4 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр 38/77 и 11/80), претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство пропишува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕТО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Во Правилникот за квалитетот на семето на земјоделски растенија („Службен лист на СФРЈ", бр 47/87) во член 32 се додава става 2, која гласи:

„Семето произведено, односно доработено пред 1 јули 1987 година може да се пакува и декларира и според одредбите на Правилникот за нормите на квалитетот, за пакувањето, пломбирањето и декларирањето на семето на земјоделски растенија до 31 декември 1987 година."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ"

Бр 5846/4
1 септември 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за земјоделство,
**Сава Вујков**, с р.

## УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

### ОДЛУКА
### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛЕН 43 ОД РЕГИСТРАЦИОНИОТ ПРАВИЛНИК НА КОШАРКАРСКИОТ СОЈУЗ НА ХРВАТСКА

1 Со предлог на овластениот предлагач Спортско друштво „Средношколац 1905", од Загреб, пред Уставниот суд на Југославија е поведена постапка за оценување на уставноста на одредбите на член 43 од Регистрациониот правилник на Кошаркарскиот сојуз на Хрватска

2. Со одредбите на оспорениот член е определено дека клубот, кој се натпреварува во Хрватска лига и во завршен натпревар, на листата на играчи на кои им се издава односно заверува картонот за учество во натпреварот, може да стави само двајца играчи постари од 24 години, кои дошле од друг клуб како постари од 24 години

Клубот, чијшто играчи се натпреваруваат во Хрватска лига, на листата на играчи на кои им се издава односно заверува натпреварувачкиот картон, не може да стави играчи постари од 30 години По исклучок од ова, на листата на играчи можат да се стават и играчи постари од 30 години, под услов првата регистрација да ја оствариле во тој клуб.

3 Според мислењето на овластениот предлагач, со оспорените одредби на Регистрационот правилник им се ограничува правото на граѓаните да се занимаваат со спорт и физичка култура, бидејќи на играчи постари од 24 односно 30 години им се ускратува правото на учество во натпревар Овластениот предлагач, поради тоа, смета дека оспорените одредби не се во согласност со Уставот на СФРЈ.

4 Во одговорот на предлогот за поведување постапка, Кошаркарскиот сојуз на Хрватска истакна дека кошаркарската организација, заради омасовување на кошаркар-

скиот спорт и постигање врвни спортски резултати, со свои нормативни акти ги уредува правата и должностите на своите членови и условите на натпреварот, односно тоа го прават самите членови договорно, во рамките на општинските, регионалните, републичките сојузи и сојузот на ниво на федерацијата Со оспорените одредби не се гиба во правото на граѓаните постари од 24 односно 30 години да бидат активни членови на Клубот Тие можат активно да асе занимаваат со кошарка, да тренираат и играат Но, бидејќи не ги исполнуваат пропишаните услови за натпревар во Хрватска лига, во тој натпревар не можат да учествуваат, што не значи дека не можат да учествуваат во други натпревари

5 Според Оддел IV став 10 на Основните начела на Уставот на СФРЈ, работните луѓе и граѓаните слободно се здружуваат во општествени организации и здруженија на граѓани заради остварување и усогласаување на своите интереси и самоуправни права, во согласност со општите интереси на социјалистичкото друштво, како и заради вршење на определени општествени работи и развивање на разновидни активности

Според член 153 став 2 од Уставот на СФРЈ, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да му се ограничат само со еднакви слободи и права на други и со интересите на социјалистичката заедница утврдени со уставот, а според член 167 од Уставот на СФРЈ, им е загарантирано правото на работните луѓе и граѓаните слободно да се здружуваат во општествено-спортски и други организации

Со член 203 став 2 од Уставот на СФРЈ е утврдено дека само со закон може да се определи во кои случаи и под кои услови користењето на правата и слободите спротивно на Уставот повлекува ограничување или забрана на нивното користење

Со оспорениот член, според оцената на Уставот на Југославија, им се ограничува правото на играчите на кошарка на натпревар во Хрватската лига и во завршниот натпревар, односно правото на клубот да ги стави на листа на играчи и оние што се постари од 24 односно 30 години Бидејќи натпреварот е еден од мотивите за здружување на играчите на кошарка во кошаркарските клубови, Уставниот суд на Југославија, тргнувајќи од наведените уставни одредби, смета дека со оспорениот член 43 од Регистрациониот правилник се ограничува слободата на здружување, утврдена со Уставот на СФРЈ

Покрај тоа, со оспорените одредби се повредува и принципот на рамноправност, бидејќи право на натпревар немаат сите играчи туку само оние што не се постари од 24 односно 30 години, со што играчите-членови на истиот клуб се доведуваат во нерамноправна положба што, исто така не е во согласност со Уставот на СФРЈ.

Поради наведените причини, Уставниот суд на Југославија оцени дека оспорените одредбите на член 43 од Регистрациониот правилник на Кошаркарскиот сојуз на Хрватска не се согласни со Уставот на СФРЈ.

6 Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ, по одржаната јавна расправа, на седницата за советување и гласање, одржана на 9 јули 1987 година, со мнозинство на гласови донесе

Одлука

1 Се укинуваат одредбите на член 43 од Регистрациониот правилник на Кошаркарскиот сојуз на Хрватска.

2 Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и начинот на кој е објавен Регистрациониот правилник чии одредби се укинуваат

3 Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во составот д-р Александар Фира, претседател на Судот, и судиите Божидар Булатовиќ, Милован Бузаџиќ, Иван Франко, Рамадан Враниќи, Мустафа Сефо, Јаким Спировски, Милосав Стијовиќ, д-р Јосиф Трајковиќ и Душан Штрбац

У бр 317/86
9 јули 1987 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
д-р **Александар Фира**, с р

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

**– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се**

**одликуваат**

**– за особени заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Перу**

**СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА**

**Carlos A. Hiqueras – амбасадор на Перу во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.**

**Бр. 1**
**17 јануари 1986 година**
**Белград**

**Претседател**
**на Претседателството на**
**СФРЈ,**
**Радован Влајковиќ**, с. р.

## УКАЗ

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

**– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се**

**одликуваат**

**– за особени заслуги во развивањето и зацврстувањето на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Грција**

**СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА**

**Andreas Papandreou – претседател на владата на Република Грција,**

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Karolos Papoulias - министер за надворешни работи,

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Constantine Georgiou - генерален секретар на Министерството за надворешни работи,

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Christos Macheritsas - началник на Дипломатската канцеларија на претседателот на владата,
Nicolaos Athanassiou - амбасадор, началник на Првата управа за политички работи на Министерството за надворешни работи,
Constantine Eliopoulos - амбасадор, началник на Протоколот во министерството за надворешни работи,

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА НА ГЕРДАН

Yannis Papanicolaou - началник на Канцеларијата за економски работи на претседателот на владата,
Angela Kokkola - началник на Приватната канцеларија на претседателот на владата,
Michalis Ziangas - личен секретар на претседателот на владата.

Бр 2
15 јануари 1986 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Радован Влајковиќ**, с р

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

- врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат

Од СР Хрватска

- за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Бонковић Ивана Анте, Чекол Јосипа Станко, Купрешанин Шпире Раде, Ловренчић Јосипа Јосип, Синобад-Павић Ивана Милка, Томашевић Лазе Момчило,

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Миљевић Миливоја Милош;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Бјеговић Петра Ђорђе, Брајак Петра Божо, Иванишевић Карла Динко, Јакшић Николе Миленко, Лекшић-Механцић Стевана Вера, Линић Боже Антон, Миховилић Ловре Јурај, Решаец Ивана Федор, Стринека-Каурић Стјепана Штефица,

- за особени заслуги во создавањето и ширењето братство и единство меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Малина-Мингаковић Ивана Марија, Михелчић Матије Јосип,

- за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Fey Јосипа Мирослав, Михаљинец Ивана Стјепан, Супин Анте Давор, Шкреблин Андрије Јурај,

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Банашин Боже Борислав, Банко-Миличић Анђела Миранда, Бартолић Мате Едуард, Брајука Ивана Бино Бркарић Антона Златко, Брукета Вјекослава Ивица, Буторац Грге Томо, Циглар Мије Божидар, Црнић Маријана Милан, Црнковић Стјепана Емил, Црнковић Јосипа Јосип, Чандрлић Фрања Анте, Чепле Јосипа Иван, Чујец Јожефа Петер, Чукић Дмитра Милисав, Деспор Фрање Фрањо, Докмановић Данила Миливој, Драгић Глише Душан, Душан-Ровина Венанцио Елеонора, Ђигуновић Јакоба Антун, Глад Мије Вјекослав, Главан Мате Недељко, Главић Винка Леополд, Иванковић Симе Милан, Јардас Николе Фрањо, Једрлинић Николе Иван, Кабиљагић Хусеина Златко, Келез Анте Тонко, Кирн Алберта Луциано, Кларин Јере Шиме, Комленић Стеве Никола, Крчмаревић Љубана Бошко, Крзнар Јураја Вјекослав, Куделић Адолфа Стјепан, Лађевић Стеве Бошко, Лешић Мије Ловро, Лушичић Андрије Миховил, Лушић Марка Анте, Матејчић Фрање Габријела, Мевжељ Ивана Маријан, Михалић Антуна Владимир, Мијаиловић Владислава Staniша, Миљуш-Остапник Леополда Марија, Мохорић Руде Томислав, Муфић Јакова Марија, Муврин-Мајнарић Станка Станка, Орловић Лазе Симо, Пастовић-Газић Миро Мира, Павловић-Радисављевић Радисава Зорица, Пеић Неђе Душан, Пентек-Кордић Вељка Бланка, Рајић Драгомира Драган, Рандић Антона Маријан, Рудела-Брумнић Марка Рената, Синковић Славка Стјепан, Станчевић Ђуре Јово, Шегон-Берковић Антонија Катарина, Шодић Ивана Миливој, Шперанда-Калик Анте Јасминка, Томац Матије Матија, Tonello Luigi Antonio, Топић Ивана Марко, Торић Симе Анте, Трбовић Дмитра Илија, Туцаковић Марка Стјепан, Ујчић Јосипа Вјекослав, Валенчић Фрање Бранко, Бела Петра Анте, Видекић-Ритоша Шиме Марија, Водановић Фрање Јосип, Водопија-Кланфар Ивана Љерка Војиновић Драгомира Предраг, Вулетић Мате Мирко,

- за заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО СРЕБРЕНИ МЕЧЕВИ

Беговић Антуна Блаж, Богади Габре Јанко, Гулалдо Виктора Владимир, Вучевац Славка Владимир,

- за заслуги во социјалистичката изградба на земјата

СО МЕДАЛ ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД

Абрамовић-Црнковић Ивана Хермина, Бравар Анте Серђо, Буданко Стјепана Иван, Царевић Симеона Недељко, Добрила Вјекослава Златко, Дружета Неђељка Владимир, Гргуричин-Алић Томе Ружица, Јуричић Ивана Антун, Мауровић Славка Љиљана, Могоровић-Бршчић Мате Ружица, Мрмош Павла Милан, Мурић-Рунко Мате Грација, Пужар-Лазаревић Мате Зора, Радош-Бертоша Ивана Милка, Шуша Душана Миливој, Ујчић Шиме Јосип,

- за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Баћац Виктора Звонимир, Барачић Боже Борис, Бенчић Рудолфа Славица, Благонић Јосипа Дарио, Бргудац Ивана Марио, Бујан Стјепана Владимир, Црноковић-Делач Драгутина Неда, Цвитан Антона Милорад, Червар Јосипа Иван, Чоп Вјенцеслава Богумил, Дретвић Мате Иван, Фабрис-Брајковић Венанцио Марија, Грабар-Перчић Јосипа Олга, Грегоровић Рудолфа Владимир, Гуштин-Вадањел Ивана Силвана, Хиблер Филипа Жељко, Илић Радивоја Слободан, Иванчић Јосипа Дарко, Јеленић Антона Силвано, Јеремић Благоја Лазар, Каталинић Миле Милан, Кишић Марка Иван, Кларић Јосипа Аугустин, Кмет Јосипа Анђело, Кризманић Јосипа Мирослав, Лабртић Мате Иван, Михић Марка Маријан Мијандрушић Вид Елда Мраз Ивана Владимир, Пашић Душана Милан, Паулишић Антуна Ратимир, Паулишић Антона Зденко, Периц Јосипа Ирена, Пренц Мате Антон, Рађеновић-Мартинац Стјепана Милкица, Ружић-Блечић Бандо Milly, Срдоћ Ивана Умберт, Станишић Анђело Армандо, Швоб Винка Станислав, Удовчић-Ладавац Стјепана Злата, Видец Фрање Драго, Зграблић-Буршић Јосипа Илка, Зохил Данијела Јосип, Живковић-Дружета Јосипа Грацијела;

– за заслуги и постигнати успеси во работата на општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Ђорђевић Радомира Драгутин, Гилингер Алојзија Рудолф, Милош Ивана Илија, Свирчевић Мате Антун, Шимурина Анте Бранко

Бр 3
27 јануари 1986 година
во Белград

Претседател
на Претседателството
**Радован Влајковић,** с р

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува

Од СР Србија

За долгодоишна револуционерна работа и за извонредни заслуги во изградбата на социјалистичкото самоуправно општество, како и за значаен придонес кон општиот развиток на Социјалистичка Федеративна Република Југоласија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Пешић Митре Бранко

Бр 5
24 јануари 1986 година,
во Белград

Претседател
на претседателството
**Радован Влајковиќ,** с р

УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува

Од СР Србија

за долгогодишна револуционерна активност и за особени заслуги во изградбата на правниот и судскиот систем, јакнење свеста на нашите граѓани за слобода и независност на земјата, како и за значаен придонес на развитокот на социјалситичкото самоуправно општество

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Ђорђевић Марка Михаило

Бр 6
27 јануари 1986 година
во Белград

Претседател
на Претседателството
**Радован Влајковиќ,** с р

СОДРЖИНА:


Стран

821 Одлука за продолжување на важењето на прописите за мерките за непосредна контрола на цените — — — — — 1453

822 Правилник за измена на Правилникот за квалитетот на семето на земјоделски растенија 1453

Одлука за оценување на уставноста на одредбите на член 43 од Регистрационот правилник на Кошаркарскиот сојуз на Хрватска — — — — 1453

Одликувања — — — — — — — — 1454


Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр 1 Пошт фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник ВЕЉКО ТАДИЌ – Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ, тел 650-155 лок. 35 – Печати. Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр 1